ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-334/5
Дата, Data 23-01-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 19 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.5/2024 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Коха и Слободен печат, директорот на претпријатието донесе

# О Д Л У К А

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

## Член 1

Од пријавениот кандидат по Јавниот оглас објавен во дневните весници „Коха“ и Слободен печат на ден 31.12.2024 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место КДР0305Б04101 - Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домаќинство во во Сектор Наплата – 1 извршител, се избра кандидатот:

**1. Амир Буши**

## Член 2

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401-334/3 од 21.01.2025 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-334/4 од 22.01.2025 година, по Јавен оглас бр.5/2024 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 05.02.2025 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатот и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со одлуката арх.бр.0401-9206/1 од 27.12.2024 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.5/2024 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место КДР0305Б04101 - Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домаќинство во во Сектор Наплата.

Јавниот оглас бр.5/2024 беше објавен на ден 31.12.2024 година во дневните весници, Коха и Слободен печат.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.5/2024 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 21.01.2025 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека на јавниот оглас бр.5/2024 за вработување на даватели на јавна услуга за работното место КДР0305Б04101 - Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домаќинство во Сектор Наплата за 1 (еден) извршител се пријавиле вкупно 1 (еден) кандидат.

Комисијата од кога ги разгледа документите од кандидатот Амир Буши кој аплицирал, ја изврши административната селекција и утврди дека апликацијата бр.0401-334/1 од 14.01.2025 година е уредна.

По спроведено интервју со кандидатот кои ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас, комисијата за селекција на кандидатот изготви Записник арх.бр.0401-334/4 од 22.01.2025 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидатот со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на однесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот

на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.5/2024 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 31.12.2024 година во дневните весници Коха и Слободен Печат, да донесе одлука со која за склучување договор за вработување за работно место КДР0305Б04101 - Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домаќинство во во Сектор Наплата, ќе се избере кандидатот:

1. Амир Буши

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

**Правна поука:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатот
- Сектор човечки ресурси x 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Тони Миновски